ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 11.06.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со пријавата на обврски на месечна основа, а согласно со законските одредби за електронско пријавување на обврските.

Задолжение за подготовка на парични награди за 50 (педесет) и 100 (сто) дарувања на крв, кои ќе бидат доделени на 18.06.2018 година на Прославата за крводарителите, која што ќе биде организирана во соработка помеѓу Општина Крива Паланка и Црвениот Крст.

Информација во врска со регулирањето на должничко-доверителските односи помеѓу Општина Крива Паланка и ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Задолжение за подготовка на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за водоводна мрежа (за наредна седница на Советот на Општина Крива Паланка).

Задолжение за итна и неодложна проверка и точна информација дали ЈП Комуналец може да распише јавна набавка за цевки и црева.

Информација во врска со активностите поврзани со тековното одржување и асфалтирање на улици и патишта.

Задолжение за подготовка на листа на целокупната техничка документација која што би била потребна за подготовка на било која проектна апликација и проект.

Задолжение за поднесување на барање до Владата на РМ за прекатегоризација на патот Дубје – Лисец (Каврак) од локален во регионален пат.

Задолжение за чистење од вегетација на патот покрај граничната линија од Деве Баир до караулата Слатиње, за која цел да се поднесе барање до ЗОК Куманово и да се побараат луѓе и гориво за успешна реализација на оваа активност.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со активностите околу поставувањето на куќни броеви и активностите околу обновувањето на лиценците за такси превоз, со задолжение за ова одделение, во корелација со Одделението за општи и правни работи за определување на едно лице – правник, кое што ќе врши контрола во име на сообраќаен инспектор на постапките околу издавање и обнова на лиценците за такси превоз и лиценцираните превозници.

Информација во врска со остварен иот контакт со „Простор“ – Куманово за нивно продолжување со проектирањето, односно изработката на урбанистички планови и откочување на целокупната активност на тој план или пак за објавување на нов јавен повик за отворање на постапка за јавна набавка за избор на фирма за изработка на детална урбанистичко планска документација.

Задолжение за испраќање на итен допис до ЗЕЛС и до МВР заради расчистување на постојната состојба при која граѓаните кои аплицираат за издавање на лични документи во ПС од ОН Крива Паланка (лична карта или патна исправа) се приморани да доставуваат Имотни листови за доказ на адресата на живеење, наместо досегашните потврди кои ги издаваше Општината преку своите служби.

Задолжение за изнаоѓање на законско решение за поставување на постамент за спомен обележје на бранителите од 2001 година, со подготовка на Одлука на Совет на Општината или евентуална измена или донесување на нова Програма за спомен обележја, чија што важност од 5 години веќе изминала.

Информација во врска со проектот за зелениот пазар, каде што е неопходно потребно да се испрецизираат определени технички детали пред истиот да биде презентиран како таков.

Информација во врска со работата во системот за е-урбанизам и истакнување на потребата од лице за работа на предмети, поради голем број на обврски на ниво на ова одделение, а слаба кадровска покриеност.

Задолжение за подготовка на листа на постоечки, но и предвидени за во иднина, спомен обележја на територијата на Општина Крива Паланка, која листа да биде изготвена најдоцна до 18.06.2018 година (следен Колегиум).

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во  врска со активностите околу подготовката на функционална анализа и акциониот план за спроведување на активностите кои се неопходни за успешна реализација на целата постапка.

Информација во врска со подготвен Меморандум и испратен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а во врска со барањето на ПЦЦ НЕВ ХИДРО ДООЕЛ Скопје.

Задолжение за изготвување на План за годишен одмор за 2018 година, најдоцна до 30.06.2018 година, со посебно укажување за планирање кога секое вработено лице ќе користи прв дел од годишниот одмор за 2018 година и по доставата до Одделението за човечки ресурси веднаш да бидат изготвени решенија кои да бидат поделени на вработените лица.

Информација во врска со подготовката на Одлука за доделување на признанија и општинска награда за почесен граѓанин, која да биде стаавена на дневен ред на наредната седница на Советот.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со проектот „Шопска софра“ и потенцијален датум за негово организирање и одржување на самата манифестација.

Информација во врска со активностите околу организацијата на претстојниот фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски 2018“ и нотирање на потенцијалните проблеми од организационен карактер, а пред се во врска со сместувањето на најавените гости и учесници на фестивалот.

Задолжение за изготвување на Решенија за формирање на организациони одбори за меѓународниот фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски – Крива Паланка“ и Театарскиот фестивал.

Задолжение за планирање на настан – Спортски викенд, чие што одржување да биде планирано за месец Септември 2018 година.

Задолжение за планирање и подготовка на Стратешки документи за формирање на Општински сојуз на стопанственици и негова корелација со Стопанската Комора на Република Македонија.

**Одделение за правни и општи работи**

Задолжение за организирање, закажување и подготовка на материјалите за седницата на Советот на Општината, предвидена за ден 25.06.2018 година, со напомена дека сите материјали да бидат изготвени најдоцна до 14.06.2018 година, а доставата на материјалите да биде и во хартиена и во електронска форма.

Задолжение за подготовка на Правилник за стипендирање на млади и талентирани спортисти и Одлука на Советот, кои да биодат подготвени и ставени на дневен ред на наредната седница на Советот.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите.

Информација во врска со подготовката на План за достава на решенијата за даноци на имот, со дадено задолжение целокупната достава на горенаведените решенија да биде спроведена и завршена најдоцна до 15.08.2018 година.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени активности за мерење на деловни објекти и УО заради пријава за користење на претпростор.

Информација во врска со активностите поврзани со затворањето на депонијата за градежен шут на патот кон с.Жидилово, со истакнување на потребата да се изнајде нова локација за депонирање на градежниот отпад..

Информација во врска со сечење на стебло во Градскиот Парк и чистење на десна страна од речното корито.

Задолжение за подготовка на листа на потенцијални природни споменици со нивен опис, фотографија, факти и локација, која потоа да биде доставена на одобрување до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Информација во врска со тековната достава на решенија за даноци на имот од страна на комуналните редари.

Истакнат е предлог за расчистување на каналот во непосредна близина на раскрсницата до ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и итно и неопходно отпочнување со активностите.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековни проблеми и појави на пукнати цевки, промена на водоводната мрежа во градот и проблеми при премостување на приклучоци.

Наметната е потребата од приоритетна легализација на објектот на градските гробишта во с.Конопница (Одлука на Совет на Општина Крива Паланка) заради негова пренамена во градска капела, како и потребата од изготвување на проект за инфраструктура за патот кон градските гробишта, заради негова итна санација.

Наметната е потребата од сеча на шумата на градските гробишта во с.Конопница и подрамнување заради формирање на парцели за паркинг и за нови гробни места. (Неопходно барање за одобрение за сеча)

Наметната е потребата од приоритизирање на проектот за поставување на водомери со Одлука на Совет, на наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка.

Наметната е потребата од нивелирање и санација на поголем број на шахти за канализација кои се детектирани како оштетени и неопходно е потребна нивна итна санација.

Задолжение за поставување на решетка кај Миклева продавница за одвод на атмосферски води.

Задолжение за санација на оштетени шахти кај детска градинка Детелинка и во Маневци (кај Раде аптекар).

Задолжение за уредно и ажурно информирање за текот на активностите за промена на водоводната линија во с.Узем.

Задолжение за чистење на обрасната трева на тротоарот на обиколницата кај м.в.Бегови Бавчи, чистење на пафитот обраснат на оградата на паркингот зад MY MARKET, со задолжение за отстранување и на самата обрасната ограда и чистење на пафитот покрај оградата на Градскиот стадион.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со претстојни состаноци кои треба да бидат одржани помеѓу претставници на оваа установа и претставници на Амбасадата на Кина и Амбасадата на Турција.

Информација во врска со одржаниот состанок за дефинирање и подготовка на календар на активности за манифестацијата Кривопаланечко културно лето 2018.

Информација во врска со одржан состанок со Министерството за култура на Република Македонија за ревалоризација на збирки, како културно наследство.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**11.06.2018 година, Крива Паланка**